РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-792/5
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-792/1 од 20.02.2024 година, со наводи за системска дискриминација по етничка основа, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по иста пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-792/1 од 20.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.02.2024 година, поднесена е пријава со наводи за системска дискриминација по етничка основа и оформен е предмет број 12-792/1 од 20.02.2024 година.
Пријавата е насловена до Народниот правобранител на РСМ, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а е доставена до повеќе електронски адреси, вклучувајќи и ја електронската адреса на ДКСК. Подносителот се повикува на известувања од Народниот правобранител на РСМ од 2022 година, како и од 2020 година, при што наведува дека со нив не се адресирани суштинските наводи на неговите претставки за системска и институционална дискриминација по етничка основа на бугарскиот народ во Република Северна Македонија со што се прикрива дискриминаторската политика на државните институции по овој основ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се изразува незадоволство од постапувањето на Министерството за внатрешни работи и Народниот правобранител во однос на вршење упад и испрашување на подносителот и неговата мајка од страна на полициски службеници од ПС ------- без налог и соодетно легитимирање, како и попречување од страна на локалните власти на етничка основа да се спроведат пресуди со што се загрозува правото на сопственост на подносителот.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-792/1 од 20.02.2024 година, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12-4184/1 од 31.08.2023 година и одлучено на 95-та седница одржана на ден 17.11.2023 година на која има донесено одлука од своја надлежност, заведена под број 12-4184/1 од 21.11.2023 година, со која пријавата по предметот се отфрла, од причина што ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување.
По разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК има постапено по предмет со слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по истите, како и донесена Одлука од нејзина надлежност.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk